**Тој исто така ги научил трите сина на послушност кон Бога. Сега Бог планираше да го искористи Ное на многу чуден и посебен начин!**



19

**Почеток на тагата на Човекот**

**Приказната од Словото Божјо, Библијата,**

**се наоѓа во**

**Битие 3-6**

**„Влезот на Твоето Слово дава светлина.”**
**Псалм 119:130**

# Почеток на тагата на Човекот




Напишана од Edward Hughes
Илустрирана од Byron Unger; Lazarus

Преведена од Christian Lingua
www.ChristianLingua.com
Адаптирана од M. Maillot; Tammy S.


Приказна 2 од 60


**M1914.org**

**Bible for Children, PO Box 3, Winnipeg MB  R3C 2G1  Canada**



Лиценца: имате право да ја копирате или да ја печатите
оваа приказна, се додека не ја продавате.


Господ знае дека ние сме правеле лоши нешта, кои Тој ги нарекува грев. Казната за грев е смрт.

Господ нè сака толку многу што Тој го испратил Својот Син, Исус, да умре на Крст и да ги исплати нашите казни. Исус повторно оживеа и замина во Рајот! Сега Господ може да ни ги прости нашите гревови.

Ако сакате да се отргнете од вашите гревови, кажете му го ова на Господ: Драг Господе, верувам дека Исус умре за мене и сега повторно живее. Те молам влези во мојот живот и прости ми ги гревовите, за да можам да имам нов живот сега, а потоа да бидам со Тебе засекогаш. Помогни ми да живеам за Тебе како Твое дете. Амин. Јован 3:16

Читај ја Библијата и разговарај со Бога секој ден!

Македонски јазик        Macedonian

**БОГ СОЗДАДЕ СЕ! Кога Бог го создаде првиот човек, Адам, тој живееше во Градината Едем со својата жена, Ева.**



1

**Тие беа совршено среќни почитувајќи го Бога и уживајќи во неговото присуство се додека еден ден ...**



2


„Ти кажа ли Бог да не јадеш од секое дрво?" змијата ја праша Ева. „Може да јадеме од секој плод освен еден", одговори таа. „Ако јадеме или го допреме тоа овошје, ќе умреме". „Нема да умрете", и се потсмеа змијата. „Ќе станете како Бог". Ева го посака овошјето од тоа дрво. Таа ја послуша змијата и го изеде овошјето.
3
Откако Ева не го послуша Бога таа му даде на Адам да јаде од овошјето исто така. Адам требало да каже, „Не! Јас нема да не го послушам Словото Божјо".
4
Кога Адам и Ева грешеја, двајцата сватија дека се голи. Шиејќи смоквини лисја си направија опашала, се покрија и скрија во грмушка од присуството на Бога.
5
Во ладот на приквечерината Бог дојде во градината. Тој знаеше што направиле Адам и Ева. Адам ја обвини Ева. Ева ја обвини змијата. Бог рече, „Змијата е проколната. Жената со болки ќе раѓа деца". „Адам, бидејќи ти грешеше, земјата е проколната со трње и троскот. Ќе се мачиш и потиш да ја добиеш храната што ќе ја јадеш".
6
Бог ги изгони Адам и Ева од прекрасната градина. Бидејќи тие грешеле, беа одделени од живототворниот Бог!
7
Бог направи огнен меч за да ги задржи надвор. Бог направи облека од кожи за Адам и Ева. Од каде Бог ги зеде кожите?
8
Со време, Адам и Ева направија семејство. Нивниот прв син, Каин, беше земјоделец. Нивниот втор син, Авел, беше овчар. Еден ден Каин му однесе на Бога малку зеленчук како подарок. Авел му го однесе најдоброто од неговите овци како подарок на Бога. Бог беше Задоволен со подарокот на Авел.
9
Бог не беше задоволен со подарокот на Каин. Каин многу се налутил. Но Бог рече, „Ако правиш што е добро, зарем нема да бидеш прифатен?"
10
Гневот на Каин не помина. Некое време подоцна во полето тој го нападна Авел – го уби!
11
Бог му рече на Каин. „Каде е братот твој, Авел?" „Не знам", излажа Каин. „Зар сум јас чувар на братот мој?" Бог го казни Каин така што му ја одзеде способноста за обработка на земја и го направи скитник.
12
И си отиде Каин од пред лицето на ГОСПОДА. Тој се ожени со ќерката на Адам и Ева. Тие основаа семејство. Наскоро, внуците и правнуците на Каин го исполнија градот што тој го основаше.
13
Во меѓувреме, семејството на Адам и Ева брзо раснеше. Во тоа време луѓето живееја многу подолго отколку денес.
14
Кога се роди нејзиниот син Сет, Ева рече, „Бог ми го даде Сет да го замени Авел". Сет беше побожен човек кој живееше 912 години и имаше многу деца.
15
Во светот, луѓето стануваа се послаби и послаби како што се менуваа генерации една со друга. Конечно, Бог реши да го уништи човештвото и ...
16
... сите ѕверови и птици. Бог зажали што го создаде човекот. Но еден човек го задоволи Бога ...
17
Тој човек беше Ное. Потомок на Сет, Ное беше праведен и невин. Тој чекореше со Бога.
18